ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 27 – 204/12**

**Дата: 03.10.2013**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за здравство на Република Македонија, сметка за заем Проект за реконструкција и доградба на Јавните здравствени установи (во понатамошниот текст- Министерството) за 2012 година.
Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на оваа сметка за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.
Изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и мислење без резерва во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2012 година.
Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на позицијата Материјални средства во подготовка поради тоа што на оваа позиција нереално и неажурно се евидентираат градежните ситуации, а на крајот на годината со еден книжен став на истата несоодветно е евидентиран прометот на позицијата Обврски кон добавувачи за 2011 и 2012 во кумулативен износ. Исто така, констатирано е дека не се води ажурно и навремено сметководство во текот на целата година, а во месец февруари ангажирано е лице по договор за дело на еден месец за изготвување на завршната сметка на проектот. Набавен е софтвер за изготвување извештаи за потребите на кредиторот, во кој може да се утврди вкупната вредност на објектите која од започнување на проектот до 31.12.2012 година изнесува 869,090 илјади денари, но истата не е пресликана во сметководствената евиденција и финансиските извештаи.
Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

***Ревизорски тим:*** ***Овластен државен ревизор***

*1.*____________________

*2.*____________________ ______________________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 7 и 8) заедно со ревизија на усогласеност на Министерството, сметка за заем (786) Проект за реконструкција и доградба на Јавните здравствени установи за 2012 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, и Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, како и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на оваа сметка за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Никола Тодоров, министер за здравство во 2012 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските

извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на министерство се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2013 до 20.06.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 24.06.2013 година.
Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот во законски пропишаниот рок.

### 3.1. Финансиски извештаи

3.1.1. Владата на Република Македонија преку Министерството во 2010 година започнала со спроведување на проект за реконструкција и доградба на ЈЗУ во Република Македонија. Проектот се финансира со средства обезбедени согласно склучен договор за заем за делумно финансирање со Банката за развој при Советот на Европа во вкупен износ од 23.000 илјади евра и 2.500 илјади евра обезбедени преку буџетот на Министерството за здравство. Со цел реализација на овој проект во Министерството е формирана проектна

единица која е одговорна за спроведување на сите активности поврзани со овој проект, во која се ангажирани лица со договор за дело.

Со увид во сметководствената евиденција и Билансот на состојба на позицијата Материјални средства во подготовка во вкупен износ од 667,531 илјади денари, констатиран е следната состојба:

- на оваа позиција нереално и неажурно се евидентираат градежните ситуации, а на крајот на годината со еден книжен став на истата несоодветно е евидентиран прометот на позицијата Обврски кон добавувачи за 2011 и 2012 во комулативен износ;
- не се води ажурно и навремено сметководство во текот на целата година, а во месец февруари ангажирано е лице по договор за дело на еден месец за изготвување на завршната сметка на проектот;
- набавен е софтвер за изготвување извештаи за потребите на кредиторот, во кој може да се утврди вкупната вредност на објектите која од започнување на проектот до 31.12.2012 година изнесува 869,090 илјади денари, но истата не е пресликана во сметководствената евиденција и финансиските извештаи. Заради наведеното констатирано е разлика помеѓу вредноста на објектите евидентирани во сметководството и состојбата искажана во софтверот;
- не е изготвена пишана процедура за реализација на проектот со која би се дефинирале и координирале активностите помеѓу Проектната единица и министерството.

Поради горенаведено во финансиските извештаи на проектот за реконструкција и доградба на градежните објекти на јавните здравствени установи не е реално прикажана состојба за вкупната изградена вредност на објектите, односно искажана е состојба во помал износ од 201.559 илјади денари. Дотолку повеќе што дел од плаќањата се вршат и се евидентираат на сметката на основен буџет за делот од буџетското учество предвидено со договорот за заем. Утврдената состојба не е во согласност со член 6 од Законот за јавна внатрешна контрола и член 2 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници како и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници.

**Препорака:**

Одговорното лице да ги преземе сите неопходни активности за воспоставување на сметководствена евиденција на Проектот за реконструкција и доградба на

градежните објекти на јавните здравствени установи и да ангажира лице за уредно водење на сметководствената евиденција.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од изнесените констатации е помалку прикажани позицијата Материјални средства во подготовка и позицијата Пасивни временски разграничувања во износ од 201,559 илјади денари.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за здравство сметка за заем -Проект за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за здравство сметка за заем -Проект за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 20.09.2013 година

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**Сметка за заем 786 Проект за реконструкција и доградба на ЈЗУ**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 Ден.

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 302 | 0 |
| Трансфери и донации | 530 | 0 |
| Задолжување во странство | 490,771 | 123,059 |
| **Вкупно приходи** | **491,603** | **123,059** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и други услуги | 11,099 | 4,276 |
| Субвенции и трансфери | 0 | 529 |
| **Вкупно тековни расходи** | **11,099** | **4,805** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 412,367 | 117,725 |
| **Вкупно капитални расходи** | **412,367** | **117,725** |
| **Вкупно расходи** | **423,466** | **122,530** |
| **Вишок на приходи над расходи** | **68,137** | **529** |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
**Сметка за заем 786 Проект за реконструкција и доградба на ЈЗУ**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 68,157 | 545 |
| **Вкупно тековни средства** | **68,157** | **545** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства во подготовка | 667,531 | 244,288 |
| **Вкупно постојани средства** | **667,531** | **244,288** |
| **Вкупна актива** | **735,688** | **244,833** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 735,668 | 244,818 |
| **Вкупно тековни обврски** | **735,668** | **244,818** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 20 | 15 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **20** | **15** |
| **Вкупна пасива** | **735,688** | **244,833** |